Република Северна Македонија
**Министерство за економија**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Ekonomisë**

# СТРАТЕШКИ ПЛАН
# PLAN STRATEGJIK
# 2021 – 2023 ГОДИНА

**Јануари/Janar, 2021**



Почитувани,

Стратешкиот план претставува комплексен и сеопфатен документ кој содржи, мерки и активности групирани во програми и потпрограми, кои се во функција на остварување на стратешките приоритети и цели на Министерството за економија, а со тоа и на Владата на Република Северна Македонија.

Стретешкото планирање е алатка која има моќ, креираната визија да ја претвори во реалност. Оваа реалност преку стратешкото планирање веќе долги години успешно се спроведува во Министерството за економија.

Со стартешкото планирање се овозможува реализација на приоритети, цели и активности, кои ќе придонесат за развиена функционална економија, која ќе продуцира нови работни места, поголема ефикасност, продуктивност и конкурентност на компаниите, зголемување на извозот и пораст на инвестициите, повисок животен стандард и подобар живот за сите граѓани на Република Северна Македонија.

Стретешкиот план на Министерството за економија во наредните три години претставува рамка за на создавање на услови за развој на индустријата, на кластерингот, на вклучување на македонските компании во мрежата на глобални добавувачки ланци, креира мерки и активности за создавање на развиен претприемачки сектор, интеграција на националниот пазар во единствениот пазар на ЕУ, предлага политики за обезбедување на енергетска стабилност и сигурност, за истражување и одржливо искористување на минералните суровини, за развој на туризмот и угостителството, преку подобрување на стандардите и на туристичката понуда.

Изминатите неколку години беа направени клучни реформи во делот на подобрување на бизнис климата во земјата, подобрување на условите за работа на странските, но и домашните компании, како и за подобрување на деловната клима за нови инвестиции во енергетиката, пред се во делот на обновливите извори на енергија.

Сите овие реформи се направени преку континуиран дијалог со бизнис заедницата, со деловните здруженија, но и сите државни институции кои се креатори и имплементатори на економските политики, со единиците на локалната самоуправа, академската заедница, но и граѓаните.

Преку истиот дијалог веќе се зацртани и цели на кои активно ќе работиме и во наредниот период преку на нашите програми, проекти, мерки и активности.

Кои се приоритетите на Министерството за економија во наредниот период?

Главен приоритет е финасиска поддршка за компаниите со кои ќе се помогнат во спроведувањето со повеќедимензионалните последици од пандемијата предизвикана од Ковид-19, поттикнување на претпријатијата да излезат со иновативни решениеја за справување со развојните предизвици кои произлегуваат од пандемијата.

Согласно новите состојби со КОВИД 19, се подготвија повеќе уредби и нови мерки и програми со цел поддршка на деловниот сектор во надминување на негативните ефекти од кризата. Создавање на поволна деловна клима за бизнис секторот, пред се преку поддршка на домашните претпријатија, со главен фокус на малите и средните претпријатија, отворање на нови работни места преку нови инвестиции, развој и подобрување на конкурентноста на македонската индустрија, поддршка на развојот на индустриско-преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност, подобрување на конкурентноста на туристичката понуда во земјата преку креирање на поволен бизнис амбиент и зголемена валоризација на културните и природните богатства, зголемување на бројот на туристи, раст на приходите од туризмот, со крајна цел зголемено учество на туризмот во вкупниот БДП на земјата.
Еден од клучните приоритети во наредниот период ќе биде и одржливо искористување на природните богатства, меѓу целите се зголемување на учеството на обновливите видови на енергија во финалната потрошувачка на енергија и заштита на животната средина и раст на инвестициите во енергетскиот сектор, интегрирање на пазарите на електрична енергија со земјите од регионот и земјите членки на ЕУ, планирање и одржливо користење на просторот и природните богатства.
Не, помалку од важно за Министерството за економија во наредниот период посебно откако Северна Македонија е членка во НАТО Алијансата и секако почетокот на преговорите со Европската унија е и јакнењето на позицијата на Република Северна Македонија во меѓународната заедница и унапредување на трговската соработка на билатерален, регионален и мултилатерален план, олеснување на пристапот на меѓународните пазари на стоки и услуги, либерализација на трговијата и намалување на бариерите, како и ефикасно спроведување на правото во делот на заштита на потрошувачите.
Реализација на овие цели, кои се во согласност со утврдените стратешки приоритети на Владата на Република Северна Македонија ќе придонесе во реализација на заложбите за посовремено, економски развиено општество со повисок животен стандард и задоволни граѓани.

**Министер за економија**

**Kreshnik Bekteshi**



Të nderuar,

Plani strategjik paraqet dokument kompleks dhe gjithëpërfshirës që në vete përmban, masa dhe aktivitete të grupuara në programe dhe nënprograme, që janë në funksion të realizimit të prioriteteve strategjike dhe në përgjithësi të Ministrisë së Ekonomisë, e me këtë edhe të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Planifikimi strategjik është vegël që ka fuqinë për të shndërruar në realitet vizionin e krijuar. Përmes planifikimit strategjik ky realitet tashmë shumë vite zbatohet me sukses në Ministrinë e Ekonomisë.

Me planifikimin strategjik, mundësohet realizim i prioriteteve, qëllimeve dhe aktiviteteve, që do të kontribuojnë për ekonomi të zhvilluar funksionale, që do të krijojë vende të reja të punës, efikasitet më të lartë, produktivitet dhe aftësi konkurruese të kompanive, rritje të eksportit dhe të investimeve, standard më të lartë jetësor dhe jetë më të mirë për të gjithë qytetarët e Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Plani strategjik i Ministrisë së Ekonomisë në periudhën e ardhshme trevjeçare paraqet kornizë për krijimin e kushteve për zhvillimin e industrisë, e klasteringut, për përfshirjen e kompanive të Maqedonisë së Veriut në rrjetin e zinxhirëve global të furnizimit, krijimin e masave dhe aktiviteteve për krijimin e sektorit të zhvilluar sipërmarrës, integrimin e tregut kombëtar në tregun unik të BE-së, propozimin e politikave për sigurimin e stabilitetit dhe sigurisë energjetike, hulumtimin dhe shfrytëzimin e qëndrueshëm të lëndëve të para minerale, si dhe për zhvillimin e turizmit dhe hotelerisë, përmes përmirësimit të standardeve dhe të ofertës turistike.

Viteve të fundit janë bërë disa reforma kyçe në pjesën e përmirësimit të klimës së biznesit në vend, përmirësimin e kushteve për punë të kompanive të huaja, por edhe atyre vendore, si dhe në përmirësimin e klimës afariste për investime të reja në fushën e energjetikës, para së gjithash në pjesën që ka të bëjë me burimet përtëritëse të energjisë.

Të gjitha këto reforma janë bërë përmes dialogut të vazhdueshëm me bashkësinë e biznesit, me shoqatat afariste, por edhe të gjitha institucionet shtetërore që janë kreatorë dhe zbatues të politikave ekonomike, me njësitë e vetëqeverisjes lokale, bashkësinë akademike, por edhe me qytetarët.

Përmes dialogut tashmë janë përcaktuar edhe qëllimet në realizimin e të cilave tashmë jemi duke punuar në mënyrë aktive edhe në periudhën e ardhshme përmes programeve, projekteve, masave dhe aktiviteteve tona.

Cilat janë prioritetet e Ministrisë së Ekonomisë në periudhën e ardhshme?

Prioriteti kryesor është mbështetja financiare e kompanive me të cilën ato do të ndihmohen në përballjen me pasojat shumëdimensionale nga pandemia e shkaktuar nga Kovid-19, nxitja e ndërmarrjeve që të dalin me zgjidhje krijuese për t'u përballur me sfidat zhvillimore që rezultojnë nga pandemia. Në përputhje me situatat e sapokrijuara me Kovid-19, janë përgatitur disa dekrete, si dhe masa dhe programe të reja me qëllim që të mbështetet sektori afarist në tejkalimin e efekteve

negative nga kriza, të krijohet klimë e volitshme afariste për sektorin e biznesit, para së gjithash përmes mbështetjes së ndërmarrjeve vendore, me fokus kryesor në ndërmarrjet e vogla dhe të mesme, hapjen e vendeve të reja të punës përmes investimeve të reja, zhvillimin dhe përmirësimin e aftësisë konkurruese të industrisë së Maqedonisë së Veriut, mbështetjen e zhvillimit të kapaciteteve industriale-përpunuese që do të jenë të orientuar drejt eksportit dhe do të krijojnë produkte me vlerë më të lartë të shtuar, përmirësimin e aftësisë konkurruese të ofertës turistike në vend përmes krijimit të mjedisit të volitshëm për biznes dhe valorizimit të rritur të pasurive kulturore dhe natyrore, rritjen e numrit të turistëve, rritjen e të ardhurave nga turizmi, me qëllimin përfundimtar që është rritja e pjesëmarrjes së turizmit në PBB-në e përgjithshme të vendit.

Një nga prioritetet kryesore në periudhën e ardhshme do të jetë edhe shfrytëzimi i qëndrueshëm i pasurive natyrore, e në mesin e qëllimeve janë rritja e pjesëmarrjes së llojeve përtëritëse të energjisë në sektorin energjetik, integrimi i tregjeve të energjisë elektrike me vendet e rajoni dhe vendet anëtare të BE-së, planifikimi i shfrytëzimit të qëndrueshëm të hapësirës dhe pasurive natyrore.

Jo më pak e rëndësishme për Ministrinë e Ekonomisë në periudhën e ardhshme, veçanërisht pasi Maqedonia e Veriut është anëtare e Aleancës së NATO-s dhe gjithsesi fillimit të bisedimeve me Bashkimin Evropian është edhe forcimi i pozicionit të Republikës së Maqedonisë së Veriut në bashkësinë ndërkombëtare dhe avancimi i bashkëpunimit tregtar në planin bilateral, rajonal dhe multilateral, lehtësimi i qasjes deri te tregjet ndërkombëtare të mallrave dhe shërbimeve, liberalizimi i tregtisë dhe ulja e barrierave, si dhe zbatimi efikas i ligjit në pjesën e mbrojtjes së konsumatorëve.

Realizimi i këtyre qëllimeve, që janë në përputhje me prioritetet e përcaktuara strategjike të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, do të kontribuojë në realizimin e angazhimeve për shoqëri më bashkëkohore, të zhvilluar në aspektin ekonomik, me standard më të lartë jetësor dhe qytetarë të kënaqur.

**Ministër i Ekonomisë**
**Kreshnik Bekteshi**

## ВОВЕД

Стратешкиот план како среднорочен стратешки документ, тесно е поврзан со процесот на буџетско планирање и извршување за период од три години, претставува значаен инструмент на планирање и следење на спроведувањето на Програмите во надлежност на Министерството за економија. Изготвен врз основа на Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2021 година, Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија и Националната Програма за усвојување на правото на Европската Унија.

## АНАЛИЗА НА СОСТОЈБА

**Анализа на постигнатите резултати од споведувањето на програмите, потпрограмите и активностите**

**Поради пандемијата предизивикана од Ковид 19 дел од активностите планирани за 2020 година беа одложени или финансиските средстава предвидени за нив се пренаменија во дргуи цели.**

<u>ПРОГРАМА 1 ПОДОБРУВАЊЕ НА ДЕЛОВНАТА КЛИМА И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА</u>

**Потпрограма 1:** ПОДДРШКА И РАЗВОЈ НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

**Во рамките на оваа потпрограма се реализирани следните активности:**

-Финансиска поддршка за микро, мали и средни претпријатија;

-Финансиска поддршка за женско претприемништво;

-Кофинансирање на проекти на занаетчиските комори за развој и промоција на занаетчиството;

-Субвенционирање на трошоци за ангажирање на чираци;

-Субвенционирање на трошоци на занаетчии;

- Кофинансирање на трошоци за занаетчии за набавка на алати и репроматеријали ( од П1 Ковид Програмата ).

**Во рамките на оваа потпрограма се одложени(не се реализирани заради Ковид-19) се следните активности:**

- Финансиска поддршка за подобрување на вредносните синџири;
- Кофинансирање на фаб-лабови;
- Кофинансирање на проекти за развој и поддршка на ММСП и промоција на претприемништвото во Република Северна Македонија;
- Надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за сертификација на системи за квалитет според ISO стандарди;
- Финансиска поддршка за сертифицирање на ХАЛАЛ систем;
- Финансиска поддршка на ММСП за учество на домашни и меѓународни саеми;

- Кофинансирање на дел од трошоците на претпријатија за купување на опрема, инструменти, алат кои ќе послужат и ќе се користат исклучиво за обука, настава на лица за стекнување на вештини и квалификации;
- Кофинансирање на дел од трошоците за едукација на вработените лица во ММСП;
- Студија за предлог-оддржлив модел за услуги за деловен развој за ММСП;
- Субвенционирање на трошоци за тестирање на производи;
- Кофинансирање на дел од трошоците на претпријатија за купување на опрема, инструменти, алат кои ќе послужат и ќе се користат исклучиво за обука, настава на лица за стекнување на вештини и квалификации;
- Кофинансирање на дел од трошоците за едукација на вработените лица во ММСП;
- Промовирање на Програмата КИП и јавни набавки.

**Потпрограма 2:Развој и подобрување на конкурентноста на македонската индустрија и инвестициона политика**
**Во рамките на оваа потпрограма се реализирани следните активности:**

-Имплементација на индустриска политика;

-Меѓународни активности и проекти поврзани со индустриска политика и конкурентност, паметна специјализација, циркуларна економија, зелена економија и сл.;

-Имлементација на Акционен План на Одделението- Континуитет на Национална Програма за реструктуирање на челичната индустрија;

-НПАА Поглавје 20 Претпријатија и индустриска политика ;

-Имплементација на Законот за градежните производи;

-Организација и учество на настани, работилници, семинари и обуки поврзани со имплементација на СЈИЕ 2020;

- Спроведени се координативни активности за добивање информации од надлежните институции за реализација на мерките и активностите од Акцискиот план на Среднорочната Стратегија за општествена одговорност на РСМ 2019-2023;

-Разгледани се апликациите и доделени се средства на барателите кои ги исполнуваат условите предвидени со јавниот оглас за поддршка за развивање, одржување и применување на социјално прифатливи практики на деловните субјекти во Република Северна Македонија;

-Спроведени се континуирани консултации со Координативното тело за општествена одговорност на претпријатијата

-Анализирани се барањата од Министерство за правда за мислења за јавен интерес за спонзорства или донации, согласно Законот за донации и спонзорство;

Изготвена е нова Програма КИП 2021 год во делот Г за општествената одговорност.

**Во рамките на оваа потпрограма се одложени(не се реализирани) се следните активности:**

-Изработка на физибилити студии за интересот, можностите и изградба на две зелени и една индустриска зона ;

-Имплементација на Акционен План за формирање на индустриски и зелени зони и организирање на специјализирани обуки;

-Кофинансирање за организирање на специјализирани длабински технолошки обуки во повеќе индустриски сектори

-Имплементација на Акционен План за формирање на индустриски и зелени зони – субвенции за приватни;

-Стратегија за извозна промоција и други анализи ;

- Поддршка на кластерските здруженија;

-Организирањето и одржувањето на Националната Награда за ОО со оглед на актуелната состојба поврзана со пандемијата со корона вирусот и воспоставените протоколи.

**Потпрограма 3:Поддршка и развој на туризмот и угосттителтвото**

**Во рамките на оваа потпрограма се реализирани следните активности:**

-Меѓународна и билатерална соработка во туризмот;

-Едукација и тренинг обуки во туризмот и угостителството;

-Студија за бањски туризам;

-Анкети за туристичка понуда во РСМ.

**Поради пандемијата предизвикана од Ковид 19 одложени(не се реализирани) се следите активности:**

-Подготовка на 3 подстратегии за туризам Рурален / Култрен / Активен;

-Опремување на туристички бироа во 5 туристички центри;

-ЕКО АКЦИИ за чистење на туристичките центри;

-СТУДИЈА за неискористени објекти кои се атрактивни за странски инвеститори;

-Кампања за безбедно патување;

-Организирање на ИНВЕСТИЦИСКИ ФОРУМ за проекти од областа на туризмот;

-Поддршка на Локални самоуправи во поставување на туристичка сигнализација;

-Организирање на ЛЕТНА ТУРИСТИЧКА АКАДЕМИЈА;

-Регионална туристичка конференција за трансфер на знаење;

-Организирање на семинар за квалитет во туризмот;

-Основање на ФОНД за развој на туризам и угостители;

-Подготовка на БРЕНД СТРАТЕГИЈА ЗА ТУРИЗАМ;

-Поддршка на локалните самоуправи за изработка на техничка документација од областа на туризмот;
-Грантови од областа на туризмот;
-Поддршка на рурален туризам;
-Поддршка на проекти во делот на иновации и дигитализација во областа на туризмот.

<u>ПРОГРАМА 2: ОДРЖЛИВО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ПРИРОДНИТЕ РЕСУРСИ(богатсва)</u>

**Потпрограма 2:Развој на енергетиката**

**Во рамките на оваа потпрограма се реализирани следните активности:**

-Изнајмување на простор и опрема(делумно);
-Субвенции на државата за набавка на печки за греење на пелети за домаќинствата;
Субвенции на државата за доделување на премии (исплатени премии за изградените фотонапонски централи до крај на 2020 година)
-Учество на Р. С. Македонија во Енергетската Заедница, Меѓународната агенција за обновливи извори на енергија и Енергетската Повелба;
-Купување на IT опрема;
- Јавна набавка за Изработка на Софтвер за евиденција на склучените договори со повластените производители на електричнна енергија од обновливи извори кои користат премија.

**Во рамките на оваа потпрограма се одложени(не се реализирани) се следните активности:**

-Јавна набавка за оддржување на Системот за следење и управување со потрошувачката на енергија во Министерство за економија;
-Јавна набавка на ревидирани технички правила за проектирање, изградба, ставање во употреба, функционирање и одржување на постројки и инсталации за природен гас;
-Субвенции на државата за купување на термални соларни колекторски системи во домаќинствата;
-Субвенции на државата за купување на ПВЦ или алуминиумски прозорци во домаќинствата ;
-Субвенции на државата за купување на инвертер клима уреди во домаќинствата;
- Ангажирање во Комисии согласно Законот за енергетика (Комисија за спроведување на постапка за доделување на овластувања за изградба на енергетски објекти).

**Потпрограма 2:Одржливо искористување на минерални суровини**

**Во рамките на оваа потпрограма се реализирани следните активности:**

-Одржување на ГИС софтверските пакети;
-Одржување на системот Е-концесии за доделување на концесии со електронска аукција;

-Објава на тендери за доделување на концесии за детални геолошки истражувања,проспекциски геолошки истражувања и ксплоатација на минерални суровини.

ПРОГРАМА 3: КРЕИРАЊЕ НА ЕДИНСТВЕН ВНАТРЕШЕН ПАЗАР

**Потпрограма 1: Заштита на потрошувачи и безбедност на производите**

**Во рамките на оваа потпрограма се реализирани следните активности:**

**Потпрограма 2: Безбедност на возила и надзор на пазарот**

**Во рамките на оваа потпрограма се реализирани следните активности:**

ПРОГРАМА 4: КРЕИРАЊЕ НА ЕФЕКТИВНА ТРГОВСКА ПОЛИТИКА

**Потпрограма1: Надворешна трговска политика согласно правилата и обврските на Република Северна Македонија дефинирани со Протоколот за пристапување на РСМ во СТО и Спогодбата за стабилизација и асоцијација со ЕУ**

**Во рамките на оваа потпрограма се реализирани следните активности:**

- Имплементација на Спогодбата за олеснување на трговијата;
-Пристапување на РСМ кон Договорот за јавни набавки во СТО;
-Вклучување на РСМ кон иницијативата на СТО за електронска трговија и пристапување кон Спогодбата за информатичка технологија на СТО;
-Нотификации во СТО и следење на активностите и иницијативите во СТО согласно спогодбите за ТБТ, СПС, земјоделство и др.;
-Донесување на законски и подзаконски акти во областа на трговската политика ;
-Усогласување со законодавството на ЕУ преку учество во Работни групи 03, 30 и 31;
-Изготвување на предлог одлуки за повластен тарифен третман (автономни мерки за намалување на царините)
-Информативно тело за ТБТ и информативно тело за услуги ;
-Усогласување и објавување на Листите на царински квоти за увоз по Договорите за слободна трговија со ЕУ, ЕФТА, Турција и Украина и Листата на царински квоти по договор за пристапување на Република Македонија во СТО
-учество за склучување на билатерален договор со Обединетото Кралство, по БРЕГЗИТ.

**Во рамките на оваа потпрограма се одложени(не се реализирани) се следните активности:**

-Трговски заштитни инструменти, учество во Комисијата за спроведување на процедурата за воведување на заштитни мерки.

**Потпрограма 2: Поинтензивна регионална трговска соработка- повеќегодишен акциски план на Регионална економска област (МАП РЕА)**

**Во рамките на оваа потпрограма се реализирани следните активности:**

-Имплементација на ЦЕФТА Договорот ;

-Следење и учество на проекти поддржани од меѓународни организации за ЦЕФТА (ОЕЦД, ГИЗ, СБ и др.)

-Имплементација на Дополнителен протокол 6 за трговија со услугите ;

- Олеснување на сло;бодните текови на инвестиции преку координација на инвестиционите политики во рамки на ЦЕФТА;

- Адресирање и елиминирање на трговски бариери во ЦЕФТА и идентификација на непотребните документи и барања во ЦЕФТА земјите;

- Примена на дијагоналната кумулација на потекло на стоката со ЕУ и ЦЕФТА ;

- Олеснување на слободното движење на експерти, професионалци и обучена работна сила во ЦЕФТА - Признавање на професионалните квалификациисостаноци на РГ;

-Постапки за избор на персонал на ЦЕФТА;

- Зајакнување на транспарентноста во ЦЕФТА-Ажурирање на трговскиот веб портал, матрицата на НТМ и платформата ;

-Имплементација на договорот за слободна трговија со ЕФТА-Усогласување на Протоколот за потекло – седница на Мешовит комитет;

**Во рамките на оваа потпрограма се одложени(не се реализирани) се следните активности:**

-Имплементација на на Дополнителен протокол 5 за олеснување на трговијата .

**Потпрограма 3: Поинтензивна билатерална трговска соработка**

**Во рамките на оваа потпрограма се реализирани следните активности:**

- Склучување на нови договори за трговска и економска соработка со БИХ, Полска и др.;

- Спроведување на Договорот за економска соработка со Унгарија,Одржување на мешовита комисија.

**Во рамките на оваа потпрограма се одложени(не се реализирани) се следните активности:**

-Спроведување на Договорот за економска соработка со Чешка Република- Одржување на мешовита комисија;

-Спроведување на Договор за трговска и економска соработка со Казахстан- одржување на мешовита комисија

-Спроведување на Договор за економска соработка со Бугарија-Одржување на мешовита комисија.

**Потпрограма 4: Спроведување на надворешно трговскиот режим**

**Во рамките на оваа потпрограма се реализирани следните активности:**

-Издавање на лиценци за извоз на стоки и технологии со двојна употреба;

-Учество на организирани и платени конференции, програми семинари и обуки за извозна контрола на стоки и технологии со двојна употреба од ЕУ, САД, SIPRI, LATA;
-Издавање на лиценци за продажба на алкохолни пијалоци;
-Водење на регистер на лиценци за продажба на алкохолни пијалоци;
-Издавање на решенија на производители, извозници и увозници на тутунски производи;
-Водење на регистер на производители, извозници и увозници на тутунски производи;
-Издавање на решенија на марки на тутунски производи;
-Водење на регистер на марки на тутунски производи;
-Мислења за исполнување на МТУ за вршење на енергетси дејности трговија на големо со нафтени деривати и складирање на нафтени деривати;
-Извештаи за работа на стручната служба за издавање дозволи за извоз на стоки и технологии со двојна употреба до Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба.

## МИСИЈА

Министерството за економија работи на создавање на услови за развој на индустријата, на кластерингот и вклучување на македонските компании во мрежата на глобални добавувачки ланци, развиен претприемачки сектор, креирање и интеграција на единствен пазар во ЕУ, обезбедување енергетска стабилност и сигурност, истражување, експлоатација и одржливо искористување на минералните суровини, развој на туризмот со подобрување на стандардите на туристичката понуда.

## ВИЗИЈА

Република Северна Македонија со развиена функционална економија, која ќе продуцира нови работни места, поголема ефикасност, продуктивност и конкурентност на компаниите, зголемување на извозот и пораст на инвестициите, повисок животен стандард и подобар живот за сите граѓани на Република Северна Македонија.

## ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА

Задачите и обврските на Министерството за економиј, согласно надлежностите утврдени со Закон се однесуваат на:

- Предлагање на проактивна индустриска политика за зголемување на конкурентноста на индустриското производство и развој на одделни сектори од индустријата;
- Развој и поттикнување на општествена одговорност;
- Поттикнување на инвестициите преку подобрување на инвестиционата клима;
- Зголемување на регулацијата на внатрешниот пазар и ценовна либерализација, следење на движењата и состојбите на пазарот на стоки и услуги и влијанието на мерките на економската политика врз движењата на пазарот и односите на пазарот; снабдувањето на пазарот со прехранбени и други производи за широка потрошувачка , надзор над пазарот и заштита на потрошувачите и нивните права;
- Развој на енергетскиот сектор, зголемување на енергетската ефикасност и поттикнување на поголемо искористување на обновливите извори на енергија, конкурентност, сигурност на снабдување со енергија и заштита на животната средина;
- Поттикнување на претприемништвото и развој на малите и средните претпријатија и занаетчиството ;
- Создавање на услови за зголемување на извозот преку интензивна извозна промоција ,мултилатерална и билатерална соработка, либерализиран трговски режим и создавање на соодветна регулаторна рамка во согласност со стандардите на ЕУ и барањата на СТО;
- Искористување на минералните и неминерални природни ресурси;
- Развој и промоција на туризмот и угостителството;

- Управен надзор и други управни работи утврдени со Зако;
- Координација на странска помош и Програмите на Заедницата (КОСМЕ).

## СПЕЦИФИЧНОСТИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА

Министерството за економија според надлежностите утврдени со Закон, по својата Мисија и утврдена Визија предлага и реализира програми и проекти кои се однесуваат на развојот на повеќе витални економски сектори како што се индустријата, енергетиката, искористувањето на минералните суровини, туризмот, претприемништвото,трговијата, внатрешниот пазар и заштитата на потрошувачите, активностите за европска интеграција и општествената одговорност . Со тоа е одредена специфичноста на Министерството за економија за зголемено учество на хоризонтални програми и проекти во споредба со другите органи на државната управа. Хоризонталниот пристап истовремено е и интернационализиран. Тој треба да комуницира и со среднорочните стратегии на Европската унија, обезбедувајќи национален пристап. Тоа од друга страна ја истакнува потребата од постојано унапредување на интер и интра ресорска координација, соработка со бизнис заедницата, органите на локалната самоуправа, стопанските комори и научните институции.


МИНИСТЕР
НЕЗАВИСНИ ОРГАНИ-ЗАЦИОНИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ
ЗАМЕНИК НА МИНИСТЕРОТ
ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
СЕКТОР ЗА КООРДИНАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ НА МИНИСТЕРОТ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ТЕХНИЧКА ПОМОШ НА МИНИСТЕРОТ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМУНИКАЦИЈА,ПРОТОКОЛ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА –
СЕКТОР ЗА ПРАВНИ РАБОТИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРЕКРШОЦИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СУДСКИ И УПРАВНИ ПОСТАПКИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СТЕЧАЈ, ПРИВАТИЗАЦИЈА, ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО, КОНЦЕСИИ И ТРГОВСКИ ДРУШТВА И ИНТЕЛЕКТУАЛНА
СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВРАБОТУ-ВАЊЕ, УНАПРЕДУВАЊЕ, МОБИЛНОСТ И ПРАВА ОД РАБОТЕН ОДНОС
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА МОТИВА-ЦИЈА, ОЦЕНУВАЊЕ,СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ И УСОВРШУВАЊЕ, СЛУЖБЕНИЧКИ ОДНОС И
СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА БУЏЕТСКА КООРДИНАЦИЈА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА БУЏЕТСКА КОНТРОЛА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СМЕТКОВОД-СТВО И ПЛАЌАЊЕ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ
СЕКТОР ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА РАЗВОЈ И МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ НА ТУРИЗМОТ И УГОСТИТЕЛСТВОТО
ОДД. ЗА ТЕКОВНО СЛЕДЕЊЕ НА ДЕЈНОСТА, АНАЛИЗА И ВЛИЈАНИЕ НА АКТИВНОС-ТИТЕ ВО
СЕКТОР ЗА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРЕГОВОРИ И ИНТЕГРАЦИЈА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРОГРАМИРАЊЕ,ТЕХНИЧКО СПРОВЕДУВАЊЕ,СЛЕДЕЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ИПА ПРОЕКТИТЕ И СЛЕДЕЊЕ НА БИЛАТЕ-РАЛНАТА И МЕЃУНАРОДНА СТРАНСКА
СЕКТОР ЗА ВНАТРЕШЕН ПАЗАР
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ И СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА СТОКИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА МОТОРНИ ВОЗИЛА И ТЕХНИЧКИ ПРОПИСИ
СЕКТОР ЗА ИНФОРМАТИЧКА И КОМУНИКАЦИСКА ТЕХНОЛОГИЈА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНФОРМАЦИОНЕН СИСТЕМ И ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА
СЕКТОР ЗА ЕНЕРГЕТИКА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТИКА И АНАЛИЗА, РАЗВОЈ И ИНВЕСТИЦИОНИ ПРОЕКТИ ВО ЕНЕРГЕТИКАТА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФОСИЛНИ ГОРИВА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ И ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА
СЕКТОР ЗА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА И АНАЛИЗА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ГЕОЛОГИЈА И ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА (ГИС)
СЕКТОР ЗА МЕЃУНАРОДНО-ТРГОВСКА СОРАБОТКА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА НАДВОРЕШНО-ТРГОВСКИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА МУЛТИЛАТЕРАЛНА ТРГОВСКА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА БИЛАТЕРАЛНА ТРГОВСКА СОРАБОТКА
СЕКТОР ЗА ПРЕТПРИЕМНИШТВО И КОНКУРЕНТОСТА НА МСП
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРЕТПРИЕМНИШТВО И КОНКУРЕНТНОСТ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА (МСП)
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА РАЗВОЈ НА КОНКУРЕНТНОСТ НА ЗАНАЕТЧИСТВОТО
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НА ПРОИЗВОДСТВО И ПРОМЕТ НА ВООРУЖУВАЊЕ И ВОЕНА ОПРЕМА (ВВО)
ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЗА ЕНЕРГЕТИКА
ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЗА ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА, КОНКУРЕНТНОСТ И ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ
ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЗА ВНАТРЕШЕН ПАЗАР
ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЕВРОИНТЕГРАЦИИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА И
ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И ПРАВНИ РАБОТИ
ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО, ИНВЕСТИЦИИ И ПРОМОЦИЈА
ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЗА МИНЕРАЛНИ
СЕКТОР ЗА ИНДУСТРИСКА И ИНВЕСТИЦИСКА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА И КОНКУРЕНТНОСТ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНВЕСТИЦИОНА ПОЛИТИКА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОЃШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ И ГРАДЕЊЕ ПАРТНЕРСТВА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА НАМЕНСКО ПРОИЗВОДСТВО, ОДБРАНБЕНИ ПОДГОТОВКИ И КООРДИНАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ СО МЕНАЏМЕНТОТ НА КРИЗИ

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА

**Поддршка и развој на мали и средни претпријатија**

- Поддршка и развој на одржливи и конкурентни микро, мали и средни компании;
- Унапредување на занаетчиството, целосно искористување на претприемничкиот дух и знаење на домашните човечки ресурси;
- Поддршка на домашните претпријатија, пред сѐ микро, малите и средните претпријатија, отворање на нови работни места со активни мерки за вработување и зголемување на нивото на платите во економијата;
- Динамичен екосистем на претприемништво и иновации;
- Конкурентни мали и средни претпријатија како двигатели на инклузивниот економски раст.

**Развој и подобрување на конкурентноста на македонската индустрија и инвестициона политика и општествена одговорност**

- Спроведување на макроекономска политика насочена кон задржување на макроекономската стабилност, зголемување на конкурентноста на економијста и зголемување на вработеноста;
- Создавање на поволна деловна клима со политики за соработка со бизнис секторот, социјалните партнери, заштита на работнички права, недискриминација, зголемена ефикасност, транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава;
- Зголемување и поддршка на развојот на индустриско-преработувачките капацитети кои че бидат извозно ориентирани и ќер создаваат производи со повисока додадена вредност, поддршка на индустриските капацитети кои ќе овозможат супституција на увозот;
- Зголемување на економскиот раст и конкурентноста на индустријата на трајна основа;
- Унапредување на концептот и практиките за општествена одговорност;
- Спроведување на Стратегијата за општествена одговорност како постојна програма и политика насочена кон поддршка на поволен амбиент за развој на општествената одговорност во земјата.

**Развој на туризмот и угосттителтвото во Република Северна Македонија**

- Подобрување на конкурентноста на туристичката понуда во земјата преку креирање на поволна бизнис клима и зголемена валоризација на културните и природните богатства ;
- Дигитализација на туристичката понуда;
- Зголемување на бројот на домашни и странски туристи, раст на приходите од туризмот, со крајна цел зголемено учество на туризмот во вкупниот БДП на земјата;

- Зголемување на туристичката понуда и градење на препознатлив туристички имиџ со воведување на светски стандарди во туристичко-угостителските услуги;
- Унапредување на меѓународната туристичка соработка;
- Поддршка на туристичките дестинации надвор од туристичка сезона;
- Конкурентна бизнис клима за раст на бројот на мали и средни претпријатија и нови работни места од областа на туризмот и угостителството;
- Натамошен развој на активниот туризам како потенцијал за силен локален економски развој.

**Планирање и одржливо искористување на природните богатства**

- Обезбедување сигурност во снабдување со енергија, раст на ивестициите во енергетскиот сектор, интегрирање на пазарите на енергија, воведување паметни мрежи и заштита на ранливите потрошувачи на енергија од енергетската сиромаштија;
- Зголемување на учеството на обновливите видови на енергија во финалната потрошувачка на енергија и заштита на животната средина;
- Обезбедување енергетска сигурност и стабилност;
- Либерализација на пазарот на електрична енергија и раст на инвестициите во енергетскиот сектор;
- Зголемување на користењето на природниот гас и искористување на сончевата енергија во домаќинствата;
- Интегрирање на пазарите на електрична енергија со земјите од регионот и земјите членки на Европскта Унија;
- Истражување, екплоатација и одржливо искористување на минералните суровини;
- Планирање и одржливо користење на просторот и природните богатства и развивање на институционалните капацитети;
- Унапредување на правната рамка од областа на минералните суровини.

**Креирање на единствен пазар–внатрешен пазар на Република Северна Македонија усогласено со целокупното законодавство на Европската Унија**

- Унапредување на заштитата на потрошувачите и обезбедување поголем квалитет на добрата и услугите на македонскиот пазар;
- Ефикасно спроведување на правото во областа на заштита на потрошувачите;
- Унапредување на заштитата на потрошувачите со натамошна хармонизација на Законот за заштита на потрошувачите;
- Ефикасно спроведување на правото во делот на заштита на потрошувачите;

- Постигнување на поголема едуцираност на потрошувачите за остварување на нивните права, запознавање на трговците со правата и обврските и начинот на заштита на економските интереси;
- Зголемување на довербата на потрошувачите према трговците на стоки и услуги;
- Правна заштита на потрошувачите при склучување на договори за потрошувачки кредити како потрошувач;
- Усогласување на националното техничко законодавство од областа на возилата со техничкото законодавство за возилата на ЕУ за регулирање на внатрешниот пазар, согласно ЕУ регулативата.

**Развивање на ефективна трговска политика**

- Зајакнување на позицијата на Република Северна Македонија на меѓународен план, развој на билатералните, регионалните и мултилатералните односи со членките на НАТО и Европската Унија и другите земји од Европскиот и вон-европскиот простор;
- Создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис-секторот, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава;
- Олеснување на пристапот на меѓународните пазари на стоки и услуги преку склучување на Договори за слободна трговија и договори за трговска и економска соработка, либерализација на трговијата со стоки и услуги и идентификување и намалување на бариерите во трговијата во рамките на склучените договори;
- Зајакнување на процесот на планирање, подготвување и следење на реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) како основен стратешки програмски документ во процесот на усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската унија;
- Имплементација на Повеке годишниот Акциски план за регионалната економка област- MAP REA.

**ПРИОРИТЕТИТЕ И ЦЕЛИТЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА ИМААТ ЕДНАКВО ЗНАЧАЊЕ**

## ОСВРТ НА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2019/2020 ГОДИНА

## ПРОГРАМА 1: ПОДОБРУВАЊЕ НА ДЕЛОВНАТА КЛИМА И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА

**Поддршка и развој на мали и средни претпријатија:**

- ✓ Кофинансирање на проекти на занаетчиските комори за развој и промоција на занаетчиството во РМ ( пристигнати се 8 апликации од кои одобрени и исплатени се 7),
- ✓ Кофинансирање на проекти за развој и поддршка на МСП и промоција на претприемништвото во РМ ( пристигнати се 16 апликации од кои одобрени и исплатени се 12),

- ✓ Финансиска поддршка за микро, мали и средни претпријатија ( пристигнати се 142 апликации, одобрени се 87 и истите се исплатени),
- ✓ Финансиска поддршка за женско претприемништво ( пристигнати се 38 апликации од кои одобрени и исплатени се 21),
- ✓ Субвенционирање на трошоци на занаетчии ( пристигнати се 45 апликации од кои одобрени и исплатени се 40),
- ✓ Надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за сертификација на системи за квалитет според ISO стандарди ( пристигнати се 24 апликации од кои одобрени и исплатени се 19),
- ✓ Финансиска поддршка за сертифицирање на ХАЛАЛ систем ( пристигнати се 12 апликации и сите се одобрени и исплатени),
- ✓ Финансиска поддршка на ММСП за учество на домашни и меѓународни саеми ( пристигнати се 18 апликации од кои одобрени и исплатени се 5),
- ✓ Кофинансирање на дел од трошоците на претпријатија за купување на опрема, инструменти, алат кои ќе послужат и ќе се користат исклучиво за обука, настава на лица за стекнување на вештини и квалификации ( пристигнати се 14 апликации од кои одобрени и исплатени се 13).
- ✓ Кофинансирање на дел од трошоците за едукација на вработените лица во ММСП ( пристигнати се 3 апликации од кои сите се одобрени и исплатени).

Со Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за **2020** година, за делот (А ) наменет за поддршка на развојот на мали и средни претпријатија и занаетчиство првично предвидени беа 37.740.000 денари. Со ребаланс на буџет заради ситуацијата со **Ковид-19** овие средства беа намалени на 22.040.000денари и истите се искористија за реализација на следните мерки:

- ✓ Финансиска поддршка за микро, мали и средни претпријатија (пристигнати се 75 апликации од кои одобрени се 55);
- ✓ Финансиска поддршка за женско претприемништво ( пристигнати се 23 апликации од кои одобрени се 11 );
- ✓ Субвенционирање на трошоци за ангажирање на чираци (пристигнати се 2 апликации од кои одобрена е 1);
- ✓ Субвенционирање на трошоци на занаетчии ( пристигнати се 46 апликации од кои одобрени се 43 );

- ✓ Кофинансирање на проекти на занаетчиските комори за развој и промоција на занаетчиството во Република Северна Македонија ( пристигнати се 7 апликации/проекти од кои одобрени се 4 ).

Од П1 КОВИД програмата во Министерството за економија, 20.000.000 денари се наменија за поддршка на занаетчиите за полесно справување со последиците од Ковид 19. Поради тоа се направија измени на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2020 година во област А. поддршка и развој на микро, мали и средни претпријатија и занаетчиство, при што се додаде нова мерка - Кофинансирање на трошоци за занаетчии за набавка на алати и репроматеријали во вкупен износ од 20.000.000,00 денари.

Предмет на подмерката беше кофинансирање на дел од трошоците на занаетчиите за купување на алати и репроматеријали преку кофинансирање до 60% од докажаните трошоци, но не повеќе од 60.000,00 денари поединечно за секој апликант.

По јавниот повик аплицираа вкупно 234 апликанти а субвенционирани беа вкупно 225 занаетчии и вршители на занаетчиска дејност со средства во вкупен износ од 8.873.019 денари.

**Развој и подобрување на конкурентноста на македонската индустрија и инвестициона политика и општествена одговорност**:

- ✓ Во 2019 година се реализираа активности за имплементација на стратешкиот документ индустриска политика, со акцискин план за 2018-2020, преку координација со тековните мерки и програми на Владата
- ✓ Континирано ажурирање на веб страната www.konkurentnost.mk;
- ✓ Поддршка на кластерските политики и кластерските здруженија, преку поддршка на проекти за нивен развој;
- ✓ Имплементацијата не мерките од Индустриската политика, преку Министерство за економија се реализираат преку годишната Програма за конкурентност, иновации и претприемништво. Во делот на Имплементација на индустриската политика, беа поддржани деловните субјекти во функција на зголемување на нивната конкурентност (поддршка преку надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за развој на деловниот субјект, развој на производ, развој на пазар), специјализирани длабински обуки и друго;
- ✓ Во 2019 година се реализираше соработка со проекти од донатори поврзани со индустриска политика и развој на приватен сектор (Проект на Светска Банка –Скилс, Проект за имплементација на ЈИЕ Стратегијата 2020 – Работна група за индустриска политика, Проектот на ГИЗ за Поглавје 20 – Претпријатија и индустриска политика, соработка со ЕК – Заеднички Истражувачки Центар за паметна специјализација и др.);
- ✓ Спроведувањето на Стратегијата за ЈИЕ 2020, во текот 2019 година има остварено значаен напредок кон остварување на утврдените таргети во рамки на сите 5 столбови, преку фокусирани напори од страна на голем број чинители на национално и регионално ниво, како и имплементација на Повеќегодишен акциски план (МАП)

за формирање на регионална економска област на Западен Балкан, како заедничка основа за унапредување на економската соработка.;

- Во 2019 година се одвиваше континуирана комуникација со ЕК преку учество во подготовката на НПАА Поглавје 20 – Претпријатија и индустриска политика, учество на Подкомитетот за трговија, царина и индустрија, континуирано следење на новите комуникации поврзани со реализација на стратегијата ЕУ 2020, учество во подготовка на Економска програма за реформи, учество во изработката на ИПА проекти, учество во изработка на стратегија за паметна специјализација и др;
- Развојот на политиките на кластеринг во Република Северна Македонија е дел од проактивната индустриска политика, која се стреми кон зголемување на конкурентноста на македонската економија. Кластерите значајно придонесуваат за зголемување на конкурентноста на македонската економија. Во Република Северна Македонија постојат околу триесетина кластери во различни области;
- Во 2019 година, се објавени јавни повици за кофинансирање на организирањето на специјализирани обуки – детални и длабински технолошки обуки во преработувачката индустрија и опфатени се повеќе индустриски сектори: автомобилска, металопреработувачка, чевларска, текстилна и прехрамбена индустрија и др.. Во 2019 воведени се и нови специјализарани обуки за воведување на концептот на зазеленување на индустријата и циркуларна економија во преработувачката индустрија кои се успешно реализирани.
- Во 2019 се реализираа повеќе активности поврзани со имплементација на Планот за економски раст, столб 1 и 2 преку Законот за финаискска поддршка на инвестиции;
- Во 2019 година се продолжи со активности за усогласување со европското законодавство на легислативата за градежните производи;
- Во 2019 година усвоена е Среднорочна Стратегија за општествена одговорност на РСМ 2019-2023 со Акциски планВрз основа на дел II, област Г, мерка 1 – “Општествена одговорност“ од Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2019 година, објавен е јавен повик за поддршка за развивање, одржување и применување социјално прифатливи практики на деловните субјекти во Република Северна Македонија (пристигнати се 4 апликации од кои одобрено и исплатено е 1);
- Усвоена е Среднорочна стратегија за општествена одговорност на РСМ 2019-2023 со Акциски план;
- Реализираа промотивни активности за резултатите врз основа на Меморандумот за соработка потпишан меѓу УСАИД и Министерство за економија во областа на општествена одговорност на претпријатијата, во рамки на проект Бизнис еко систем, од страна на Паладиум;

- ✓ 12-та Национална награда за најдобри ООП Организирана е 12-та традиционална Национална награда за најдобри општествено одговорни практики на македонските претпријатија;
- ✓ Во 2019 и 2020 година, континуирано се доставувани мислења по барањата од Министерство за правда за јавен интерес за донации или спонзорства, согласно Законот за донации и спонзорства;
- ✓ Во 2020 година се продолжи со имплементација на мерките и активностите од Акцискиот план на Стратегијата за општествена одговорност;
- ✓ Врз основа на дел II, област Г – „Општествена одговорност“, мерка 1 од Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2020 година, објавен е јавен повик за поддршка за развивање, одржување и применување социјално прифатливи практики на деловните субјекти во Република Северна Македонија (пристигнати се 6 апликации од кои одобрени и исплатени се 5);
- ✓ Имплементација на Индустриската стратегија 2018-2027;
- ✓ Имплементација на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2020 година (објавен јавен повик, евалуација на апликации, постапка за додлеување на средства итн.);
- ✓ Согласно новите состојби со **КОВИД 19**, се подготвија повеќе уредби и нови мерки и програми со цел поддршка на деловниот сектор во надминување на негативните ефекти од кризата;
- ✓ Понатамошни активности во развивање на Стратегија за паметна специјализација, подготовка на придонес во НПАА Поглавје 20, подготовка на предлог проекти за ИПА програмирање, учество во изработка на нов МАП РЕА
- ✓ Континуирана комуникација со бизнис секторот;
- ✓ Континуирана административна поддршка за реализација на инвестициите во ТИРЗ Тетово (јавно-приватно партнерство;
- ✓ Се спроведуваат континуирани консултации со Координативното тело за општествена одговорност на претпријатијата.

**Поддршка и развој на туризмот и угосттителтвото:**

- ✓ Меѓународна и билатерална соработка во туризмот;
- ✓ Едукација и тренинг обуки во туризмот и угостителството;
- ✓ Одбележување на светскиот ден на туризмот со доделување на признанија за најуспешните од областа на туризмот,
- ✓ Поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи во Република Северна Македонија во 2020 година се издадени 64788 потврди (ваучери) за работници со ниски приходи во износ од 64.788.000.00 денари кои се искористени во угостителски објекти во целата држава;

- ✓ Набавка на мобилна апликација “Visit Macedonia”;
- ✓ Имплементација на мерките од 4-тиот пакет;
- ✓ ПОВРАТ НА ТУРИСТИЧКАТА ТАКСА ЗА 2019 ГОДИНА на сите угостителски објекти кои во 2019 година имаат уплатено туристичка такса;
  Со оваа мерка се обватени 253 субјекти и исплатени се 57.824.000 денари;
- ✓ ГРАНТОВИ ЗА ТУРИСТИЧКИ АГЕНЦИИ;
- ✓ Износот на субвенцијата е определен согласно обртот на компанијата во претходната година, бројот на вработени и типот на Лиценцата за работа. Максималниот износ на средства за оваа активност е 7.000 ЕВРА за субјект, за Б лиценца максимум е 3.000 ЕВРА за субјект;
  Со оваа мерка се обватени 203 субјекти и исплатени се 79.690.000 денари;
- ✓ ГРАНТОВИ ЗА РЕСТОРАНИ ЗА СВАДБИ;
- ✓ Износот на субвенцијата е одреден согласно обртот на компанијата во претходната година, бројот на вработени и Решението за категоризација. Максималниот износ на средства за оваа активност е 10.000 ЕВРА за субјект
  Со оваа мерка се обватени 93 субјекти и исплатени се 54.540.000 денари;
- ✓ : ГРАНТОВИ ЗА ИГРОТЕКИ ЗА ДЕЦА;
- ✓ Износот на субвенцијата е одреден согласно обртот на компанијата во претходната година и бројот на вработени. Максималниот износ на средства за оваа активност ќе биде 5.000 ЕВРА за субјект;
  Со оваа мерка се обватени 78 субјекти и исплатени се 290.000 денари;
- ✓ ГРАНТОВИ ЗА ТУРИСТИЧКИ ВОДИЧИ – 75.000 ДЕНАРИ;
- ✓ На туристички водичи за месеците октомври, ноември и декември, им беше исплатена минимална бруто плата во висина 21.776 денари, или 75.000 ДЕНАРИ ЗА АПЛИКАНТ;
  Со оваа мерка се обватени 71 субјекти и исплатени се 5.070.000 денари.

**ПРОГРАМА 2: ОДРЖЛИВО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ПРИРОДНИТЕ РЕСУРСИ(богатсва)**

**Развој на енергетиката:**

- ✓ Имплементација на Законот за енергетика;
- ✓ Усвоена Стратегија за развој на енергетиката на Република Северна Македонија до 2040 година ;
- ✓ Подготовка на Национален план за енергија и клима ;
- ✓ Активности за воспоставување и фукционирање на организиран пазар ден однапред и спојување на пазарите ден однапред со Република Бугарија;

- ✓ Отпочнување на постапка за изградба на диструбитивна мрежа за природен гас;
- ✓ Усвоен Закон за стратешки инвестиции во Република Северна Македонија;
- ✓ Донесен Правилник за формата и содржината на барањето за издавање на овластување за изградба на нови или проширување на постојни објекти за производство на електрична енергија, комбинирано производство на електрична и топлинска енергија или производство на топлинска енергија;
- ✓ Одлука за националните задолжителни цели за учеството на енергија произведена од обновливи извори во бруто- финалната потрошувачка на енергија и за учеството на енергија произведена од обновливи извори во финалната потрошувачка на енергија во транспортот;
- ✓ Одлука за вкупната инсталирана моќност на повластените производители на електрична енергија;
- ✓ Правилник за Обновливи извори на енергија;
- ✓ Уредба за мерките за поддршка на производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија;
- ✓ Програма за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија за 2019 и 2020 година;
- ✓ Програма за заштита на ранливите потрошувачи на енергија за 2020 година;
- ✓ Програма за промоција за обновливи извори на енергија и поттикнување на енергетската ефикасност во домаќинствата за 2019 и 2020 година;
- ✓ Јавен оглас за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи во домаќинствата за 2019 (субвенционирани 763 домаќинства);
- ✓ Јавен оглас за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени ПВЦ или алуминиумски прозорци во домаќинствата за 2019 (субвенционирани 1503 домаќинства);
- ✓ Јавен оглас за надоместување на дел од трошоците за купени печки на пелети во домаќинствата за 2019 (субвенционирани 932 домаќинства) ) и за 2020 година (субвенционирани 454 домаќинства;
- ✓ Јавен оглас за доделување на договор за право на користење на премија за електрична енергија произведена од фотонапонски електроцентрали изградени на земјиште во сопственост на Република Северна Македонија;
- ✓ Јавен оглас за доделување на договор за право на користење на премија за електрична енергија произведена од фотонапонски електроцентрали изградени на земјиште кое не е во сопственост на Република Северна Македонија или на земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на кое е воспоставено право на користење;

- ✓ Владата на Република Северна Македонија донесе Одлука за овластување за изградба на енергетски објект Ветерна Електрана Дрен на Друштвото за трговија и услуги КАЛТУН ЕНЕРЖИ ДОО Скопје со инсталирана моќност од 34 MW;
- ✓ Владата на Република Северна Македонија донесе Одлука за овластување за изградба на енергетски објект на Друштвото за производсво на електрична енергија “Парк на ветерни електрани ЕУРОИНГ” ДОО – Гевгелија со инсталирана моќност од 30 MW;
- ✓ Владата на Република Северна Македонија во декември 2019 година го донесе Енергетскиот биланс за 2020 година;
- ✓ Издадени Уверенија за ракувачи со одделни видови на енергетски уреди и постројки и Овластувања за енергетски контролор;
- ✓ Продолжени лиценци за вршење на енергетска контрола;
- ✓ Усвоен Закон за енергетска ефикасност ;
- ✓ Склучени 11 Договори за доделување на право на користење на премија за изградба на фотонапонски електроцентрали на државно земјиште со инсталиран капацитет од 35 MW;
- ✓ Склучени 24 Договори за доделување на право на користење на премија за изградба на фотонапонски електроцентрали на приватно земјиште со инсталиран капацитет од 20 MW (изградени три фотонапонски централи со инсталиран капацитет од 1.8 MW);
- ✓ Објавен јавен оглас за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република Северна Македонија за прва фаза од конкурентниот дијалог.

**Одржливо искористување на минерални суровини:**

- ✓ Изработка на измени и дополнувања на Законот за минерални суровини;
- ✓ Донесување на нов Тарифникот за утврдување на висината на надоместокот за издавање на дозволи и концесии за вршење на детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини и подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за минерални суровини;
- ✓ Одржување на ГИС-софтверските алатки;
- ✓ Одржување на системот е-концесии за доделување на концесии со електронска аукција;
- ✓ Спроведување на повеќе постапки (тендери) за доделување на концесии за детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини;

- ✓ Изработка на Дозволи за детални геолошки истражувања и за експлоатација на минерални суровини;
- ✓ Издавање на Овластувања за изработка на геолошка документација и рударски проекти;
- ✓ Спроведување на стручни испити за полагање за добивање на Лиценци за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања;
- ✓ Склучени 2 Договори за концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини;
- ✓ Издадена една Дозвола за вршење на детални геолошки истражувања на минерални суровини, додека во постапка се повеќе предмети за издавање на дозволи, кои се во фаза на прибирање на мислења од надлежни органи;
- ✓ Донесени се 6 Одлуки за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини, од кои за:

  3 Одлуки со Решение се формирани Комисии за спроведување на постапка за доделување на концесии за вршење на детални геолошки истражувања на минерални суровини за 5 нови локации;

  3 Одлуки за кои сеуште не е формирана Комисија за спроведување на постапката за 3 нови локации;
- ✓ Во постапка се повеќе предмети (иницијативи) за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања во фаза на прибирање на мислења од надлежни органи;
- ✓ Вршење на теренски увиди по поднесени иницијативи за започнување на постапки за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини како и за издавање на дозволи за детални геолошки истражувања;
- ✓ Објавени два Јавни повици за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини за 4 нови локации;
- ✓ Изработка на барања, мислења и информации од областа на геолошките истражувања;
- ✓ Склучени 11 Договори на концесии за експлоатација на минерални суровини;
- ✓ Издадени 11 Дозволи за експлоатација на минерални суровини;
- ✓ Донесени се 13 Одлуки за еднostран раскин на договори за концесии;
- ✓ Вршење на контрола и надзор над склучените договори за детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини,

## ПРОГРАМА 3: КРЕИРАЊЕ НА ЕДИНСТВЕН ВНАТРЕШЕН ПАЗАР

- ✓ Подготвен е нов Закон за заштита на потрошувачите;

- ✓ Имплементирана е Програмата за заштита на потрошувачите за 2019 година, согласно Законот за заштита на потрошувачите , и доделни се средства за реализација на Програмата за заштита на потрошувачите за 2020 година;
- ✓ Подготвен е нов - Законот за општа безбедност на производите;
- ✓ Подготвен е нов - Закон за технички прописи и оцена на сообразност, и нацрт правилници по донос на овој закон;
- ✓ Правилник за електромагнетна компатабилност;
- ✓ Правилник за ниско напонска опрема – ЛВД;
- ✓ Правилник за опреама под притисок;
- ✓ Правилник за едноставни садови под притисок;
- ✓ Правилник за пренослива опрема под притисок;
- ✓ Правилник за РТТ опрема;
- ✓ Правилник за рекреативни пловила;
- ✓ Правилник за АТЕХ – потенцијална експозивна атмосфера;
- ✓ Правилник за лифтови;
- ✓ Правилник за достапност на пазар и контрола на пазар на експолозиви за цивилна употреба;
- ✓ Правилник за опрема запаливи под гас.

## ПРОГРАМА 4: КРЕИРАЊЕ НА ЕФЕКТИВНА ТРГОВСКА ПОЛИТИКА

- ✓ Спроведена е втората ревизија на трговската политика на Република Северна Македонија во СТО;
- ✓ Финализирани се преговорите за склучување на Дополнителен протокол 6 за трговија со услуги;
- ✓ Ратификација на ЦЕФТА Дополнителниот протокол 5 за олеснување на трговијата;

- ✓ Потпишан и ратификуван е Протоколот 2 од Договорот за слободна трговија меѓу Република Северна Македонија и Република Турција, за усогласување на билатералните правила за потеко со Регионалната конвенција за ЕУРО-Мед кумулацијата;
- ✓ Ратификувана е Одлуката бр,3/2015 на Мешовитиот комитет на ЦЕФТА за правилата за потекло по ЦЕФТА договорот;
- ✓ Отпочнати се преговорите за склучување на Спогодба за признавање на професионалните квалификации
- ✓ Формирано е Информативно тело за олеснување на трговијата на Владата на Република Северна Македонија за Светската трговска организација ;
- ✓ Формиран е Поткомитет за услуги во ЦЕФТА и работна група за признавање на професионални квалификации;
- ✓ Се водат преговори за пристапување кон СТО Спогодбата за јавни набавки;
- ✓ Одржани се билатерални преговори со претставници на ЕУ, САД Канада, Јапонија и Украина во врска со иницијалната понуда на Република Северна Македонија за пристапување кон СТО Спогодбата за јавни набавки;
- ✓ Учество на редовни состаноци на Комитетот за јавни набавки на СТО во октомври 2019 година и февруари 2020;
- ✓ Следење на предлозите во врска со Работната програма на СТО за е-трговија и нивно разгледување во рамки на меѓуресорската Работна Група зе е-трговија во СТО;
- ✓ Следење на предлозите во врска со предлог документот за членот VI:4 од ГАТС со кој се разработуваат дисциплини за домашна регулатива во услугите, како дел од иницијативите во СТО за добра регулаторна пракса во трговијата со услуги;
- ✓ Доставена е до СТО индикативна листа на специфични обврски во услугите согласно со Документот за членот VI:4 од ГАТС во рамки на иницијативата за дисциплини во домашната регулатива во услугите;
- ✓ Се спроведуваат активности за имплементација на Законот за услуги;
- ✓ Подготовка на Акциски план за усогласување на националното законодавство во услугите со Законот за услуги;
- ✓ Одговорени се прашалници доставени од ОЕЦД во делот на услугите и е-трговијата;
- ✓ Подготвени се одговори на прашања поврзани со Законот за е-трговија доставени од правни и физички лица;

- ✓ Приклучување кон Заедничката изјава за електронска трговија на Светскиот економски форум во Давос во јануари 2019 година, за поддршка на иницијативата за започнување на СТО преговори за трговските аспекти на е-трговијата;
- ✓ Поддржан е предлогот во врска со работниот текст за членот VI:4 од ГАТС со кој се разработуваат дисциплини за домашна регулатива во услугите, како дел од иницијативите во СТО за добра регулаторна пракса во трговијата со услуги;
- ✓ Донесен е Законот за услуги;
- ✓ Донесен е Законот за контрола на надворешнотрговскиот промет со необработени дијаманти;
- ✓ Донесена е Одлука за утврдување на списокот на учесници и надлежните органи кои се назначени да ги издаваат и одобруваат нивните сертификати врз основа на релевантните информации од претседавачот и/или учесниците на процесот Кимберли;
- ✓ Донесен е Правилник за формата и содржината на образецот на Барањето за издавање сертификат за извоз на необработени дијаманти;
- ✓ Донесен е Правилник за формата и содржината на образецот на сертификатот за извоз на необработени дијаманти;
- ✓ Донесен е Правилник за формата и содржината на образецот на месечниот извештај за сертификатите поднесени за заверка при извоз;
- ✓ Донесен е Правилник за формата и содржината на образецот на месечниот извештај за сертификатите поднесени за заверка при увоз;
- ✓ Подготвен е законот за надворешна трговија со стоки и услуги кои можат да се користат за извршување смртна казна, мачење или друго сурово нечовечно или деградирачко постапување или казна;
- ✓ Подготвена, донесена и објавена е Листа на стоки и технолгии со двојна употреба согласно Регулативата на ЕУ 1922/2018 од 14.12 2018 година;
- ✓ Подготвена, донесена и објавена е Листа на стоки и технолгии со двојна употреба согласно Регулативата на ЕУ 2019/2119 од 30.12 2019 година;

- ✓ Донесен е Правилник за формата и содржината на барањето за запишување во регистерот на извозници и увозници на производи од тутун и сродни производи како и потребните докази и документација;
- ✓ Донесен е Правилник за поблиските услови за упис во регистерот на извозници и увозници на производи од тутун и сродни производи;
- ✓ Донесен е Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистерот на марки на производи од тутун и сродни производи, и соджината на образецот на барањето за запишување во регистерот на марки на производи од тутун и сродни производи;
- ✓ Донесен е Правилник за формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата за произвидството, извозот, увозот и залихите на производите од тутун и сродните производи, како и формата и соджината на известито за состојбите за произвидството, извозот, увозот и залихите на производите од тутун и сродните производи;
- ✓ Донесен е Правилник формата и содржината на барањето за запишување во регистерот на производители на производи од тутун и сродни производи и за потребните докази и документација, како и поблиските услови за запишување во регистерот на производители на производи од тутун и сродни производи;
- ✓ Донесена е Одлука за укинување, на увозните давачки за други производи од гума, освен од тврда гума, други производи од железо или од челик и изолациони материјали од керамички материјали;
- ✓ Донесена е Одлука за укинување, на увозните давачки – царинските стапки за замрзнато свинско месо и свинско сало исчистено од месо и свинско сало не исчистено или поинаку извоено свежо, разладено, замрзнато, солено во саламура, сушено или чадено;
- ✓ Донесена е Одлука за укинување, на увозните давачки-царинската стапка за одредени стоки потропшен медицински материјал;
- ✓ Донесена е Одлука за укинување, на увозните давачки – царинските стапки на патенти за авто навлаки.
- ✓ Донесена е Одлука за намалување на увозните давачки – царинските стапки на оделни производи (компоненти) потребни за производсво на технолошко напредни производи;
- ✓ Донесена е Одлука за ограничување на извозот на пченица и напулица и брашно од пченица и напулица;
- ✓ Донесена е Одлука за определување на највисоки цени на оделни производи во трговијата на големо и трговијата на мало;

- ✓ Донесена е Одлука за посебни услови во трговијата со оделни стоки;
- ✓ Донесена е Одлука за дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување на ширење на Корона вирус COVID 19;
- ✓ Донесена е Уредба со законска сила за примена на Законот за трговија за време на вонредна состојба;
- ✓ Донесена е Уредба со законска сила за примена на Законот за трговски друштва за време на вонредна состојба;
- ✓ Донесена е Одлука за забрана за продажба на одделни нафтени деривати;
- ✓ Имплементација на извозната контрола на стоки и технологии со двојна употреба;
- ✓ Имплементација на Законот за трговија, Законот за тутун и тутунски производи и Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба (издавање на лиценци за продажба на алкохолни пијалоци, дозволи за извоз на стоки и технологии со двојна употреба, решенија за упис во регистрите);
- ✓ Подготвена е ПредлогОдлука за укинување на увозните давачки - царинските стапки на одделни суровини и репроматеријали кои се употребуваат во преработувачката индустрија;
- ✓ Продолжени се преговорите за измена на Договорот за Слободна Трговија со Украина;
- ✓ Донесена е Одлука за предвремена примена на Спогодбата за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска.

## ОСВРТ НА ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2021 ГОДИНА
## ПРОГРАМА 1: ПОДОБРУВАЊЕ НА ДЕЛОВНАТА КЛИМА И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА

**Поддршка и развој на мали и средни претпријатија:**

- ➢ Реализација на предвидените мерки од Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2021, област А. Поддршка и размој на микро, мали и средни претпријатија и занаетчиство.
- ➢ Реализација на мерките и активностите предвидени во Стратегијата за МСП и Стратегијата за женско претприемништво.

**Развој и подобрување на конкурентноста на македонската индустрија и инвестициона политика:**

- ➢ Имплементација на мерките од Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2020 година;
- ➢ Подготовка на нов Акциски план за имплементација на Индустриска стратегија;
- ➢ Имплементација на нови мерки и програми за поддршка на деловниот сектор за справување со КОВИД 19;

- Поддршка на кластерските здруженија;
- Понатамошни активности за развој на стратегијата за паметна специјализација – квалитативна анализа;
- Усвојување на Законот за изменување и дополнување на Законот за градежните производи (во владина процедура);
- Планирано усвојување на Правилник согласно Законот за градежните производи;
- Реализација на специјализирани обуки за повеќе индустриски сектори;
- Подготовка на нова КИП 2021-дел Индустриска политика и дел Општествена одговорност;
- Наоѓање начин за организирање и одржување на Национална Награда за за општествено одговорни практики на македонските претпријатија , со оглед на актуелната состојба поврзана со пандемијата со корона вирусот и воспоставените протоколи;
- Активности поврзани со координација и реализација на мерките и активностите од Акцискиот план на Среднорочната Стратегија за општествена одговорност на РСМ 2019-2023 ;

.

**Поддршка и развој на туризмот и угостителтвото:**

- Министерството за економија во 2021 година со предвидените мерки во својата програма ке придонесе во опоравување на туристичката понуда имајки го предвид фактот дека поради Пандемијата истата е една од најпогодените сектори и штетите од истата врз туризмот оваа година се очекуваат да бидат огромни;
- Дел од мерките од програмата се објавени и се во постапка на евалуација или во завршна фаза. Дел од истите се реализирани и тоа:
- Субвенции за организирање на настани, манифестации и форуми од областа на туризмот;
- Издавање на Ваучери за туризам за работници со ниски приходи;
- Имајки го предвид фактот дека заради Пандемијата со Корона Вирусот, туризмот во светски рамки а и кај нас претрпе огромни штети и е енда од најпогодените гранки, оваа година во туризмот бројките за број на туристи и ноќевања како и прилов од туризмот очекуваат да бидат намалени за 60%;
- Субвенции за дигитализација на туристичко/угостителскиот сектор;
- Кампања за безбедно патување;
- Промоција на еколошки зони (еко -туризам);
- Субвенции за туристички цели на селски домаќинства;

- Поддршка на Активен туризам;
- Дигитален маркетинг за туристичкиот потенциал во Република Северна Македонија.

**ПРОГРАМА 2: ОДРЖЛИВО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ПРИРОДНИТЕ РЕСУРСИ (богатства)**

**Одржлив развој на енергетиката:**

- Донесување на подзаконски акти од Законот за енергетска ефикасност;
- Изготвување на Национален план за енергија и клима (NECP) ;
- Подготовка на Четвртиот Акционен план за енергетска ефикасност за 2019 и 2020 година;
- Отпочнување со изработка на Законот за биогорива во кој се транспонираат одредби за биогорива од Директивата 2009/28;
- Распишување на нов Јавен оглас за доделување на договор за право на користење на премија за електрична енергија произведена од фотонапонски електроцентрали изградени на земјиште кое не е во сопственост на Република Северна Македонија или на земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на кое е воспоставено право на користење;
- Подготовка на документација за нова тендерска постапка за доделување на договор за право на користење на премија за електрична енергија произведена од фотонапонски електроцентрали изградени на земјиште во сопственост на Република Северна Македонија ;
- Отпочнување со подготвителни активности за измени и дополнувања на Закон за основање на МБПР, со цел за основање на Фонд за енергетска ефикасност
- Отпочнување на активности во врска со изготвување и донесување на План за реконструкција на згради кои ги користат лицата од јавниот сектор на државно ниво
- Изготвување на драфт на Уредба со која се утврдува Облигационата шема за енергетска ефикасност;
- Изготвување и донесување на Правилник за МВП;
- Изготвување и донесување на Правилник со кој се пропишуваат најниските прифатливи класи на енергетска ефикасност на производите што користат енергија и кои се предмет на енергетско означување, методологија за утврдување на нивото на енергетска ефикасност за производите кои не се предмет на енергетско означување и најниската класа на енергетска ефикасност на зградите и градежните единици;
- Подготвиутелни активности за изготвување на Правилник за енергетска контрола на големите трговци;
- Подготвиутелни активности за изготвување на Тарифник во врска со енергетските контроли на големи трговци;
- Подготвиутелни активности за изготвување на Тарифник во врска со енергетските контроли на згради;
- Подготвиутелни активности за изготвување на Правилник за енергетски карактеристики на зградите;

- Подготвиутелни активности за изготвување на Правилник за енергетска контрола на згради;
- Подготвиутелни активности за изготвување на Правилник со кој подетално се уредуваат постапките за воспоставување и функционирање на системот за верификација, како и начинот на водење на регистарот на сертификатите за енергетски карактеристики на зградите;
- Изготвување и донесување на Правилник за означување на потрошувачката на енергија и другите ресурси за производите што користат енергија;
- Изготвување и објавување на список на зградите со вкупна корисна подна површина над 250m2 кои не ги исполнуваат минималните барања за енергетски карактеристики, кои се во сопственост и се користат од страна на лицата од јавниот сектор на државно ниво;
- Изготвување на Типологија за згради;
- Активно учество во Проектот за „Создавање услови за имплементација на ЕСКО проекти“ кој е финансиран од Регионалната програма за енергетска ефикасност (РЕЕП), и има за цел да ги поддржи проектите за енергетска ефикасност и тоа за улично осветлување и малите дистрибутивни системи за греење во општините.
- Дополнителни активности во врска со ЕСКО финансирање во објектот на Министерството за економија преку проектот Создавање услови за имплементација на ЕСКО проекти“;
- Активно учество во Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор, кој е дел од новата четиригодишна Стратегија на Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка за партнерство со земјата за периодот 2019 – 2023 година;
- Донесување Уредба за квалитет на течните горива;
- Донесување Уредба за критериумите и условите за прогласување на кризна состојба;
- Подготвиутелни активности за изготвување на Правилник за енергетски биланси и енергетска статистика
- Донесување Правилник за нивото и начинот на пресметка на оперативните резерви од нафтени деривати и горива за транспорт;
- Донесување на Правилник за условите за евидентирање на количините и потребниот капацитет на објектите за складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива или горива за транспорт;
- Донесување Правилник за технички спецификации за спецификации кои опремата и системите за ОИЕ мора да ги исполнуваат;
- Изготвување и донесување Правилник за лиценцирање на инсталатери;
- Донесување на Правилник за програмата и постапката за полагање испит за стручна оспособеност на ракувачи со енергетски уреди и постројки ;

- Подготовка и донесување на Енергетски биланс;
- Следење на реализација на Договорите за концесија за производство на елкјтрична енергија од мали хидро централи.

**Одржливо искористување на минерални суровини:**

- Доделување на концесии за детални геолошки истражувања со цел добивање на подетални податоци на просторите со минерални суровини;
- Доделување на концесии за вршење на проспекциски геолошки истражувања на минерални суровини со цел за дефинирање на одредени простори за нивно детално геолошко истражување;
- Доделување на концесии за експлоатација на минерални суровини со цел отварање на нови рудници (површински и подземни) и ставање во нивна функција;
- Одржување на системот е-концесии за доделување на концесии со електронска аукција;
- Одржување на ГИС софтверските алатки;
- Доделување на Лиценци за изработка на геолошка документација и рударски проекти ке продолжи по електронски пат;
- Доделување на Лиценци за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација и преработка на минерални суровини од соодветната рударска област;
- Издавање на Овластувања за изработка на геолошка документација и за изработка на рударски проекти;
- Донесување на измените и дополнувањата на Законот за минерални суровини;
- Донесување на подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за минерални суровини;
- Донесување на Предлог-Уредба за начинот на вршење на техничкиот преглед на изведените рударски објекти и висината на трошоците за вршење на техничкиот преглед;
- Изработка на технички нормативи и донесување на подзаконски акти кои ке произлезат од Законот за минерални суровини;

- Проектна задача за изработка на Стратегија за минералните суровини во Република Северна Македонија за планирање и одржливо користење на просторот и природните богатства како и развивање на институционалните капацитети.

## ПРОГРАМА 3: КРЕИРАЊЕ НА ЕДИНСТВЕН ВНАТРЕШЕН ПАЗАР

- Донесување на измени и дополнувања на законските прописи;
- Континуирано унапредување на процесот на усогласување на националното техничко законодавство со транспонирање на ЕУ директиви од Новиот и Стариот приод и измени на Директивата за општата безбедност на производите со цел обезбедување слободно движење на македонските производи на единствениот Европски пазар;
- Донесување на подзаконски акти (правилници) врз основа на Законот за возила;
- Да се донесат и другите закони и подзаконски акти.Закони и подзаконски акти.

## ПРОГРАМА 4: КРЕИРАЊЕ НА ЕФЕКТИВНА ТРГОВСКА ПОЛИТИКА

- Имплементација на СТО- Спогодбата за олеснување на трговијата;
- Донесување на Закон за изменување и дополнување на законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба;
- Донесување на закон за надворешна трговија со стоки и услуги кои можат да се користат за извршување смртна казна, мачење или друго сурово нечовечно или деградирачко постапување или казна;
- Донесување на подзаконски акти по законот за надворешна трговија со стоки и услуги кои можат да се користат за извршување смртна казна, мачење или друго сурово нечовечно или деградирачко постапување или казна;
- Имплементација на: Регионален Дополнителен протокол 5 за олеснување на трговијата;
- Имплементација на Дополнителен протокол 6 за трговија со услуги;
- Спроведување на преговори за меѓусебно признавање на професионалните квалификации;
- Отпочнување на преговори во ЦЕФТАза механизмите за решавање на спорови во ЦЕФТА;
- Склучување на Договорот за трговска и економска соработка со Босна и Херцеговина и негова ратификација;
- Пристапување кон СТО Спогодбата за јавни набавки;
- Спроведување на повеќегодишниот акциски план за создавање на Регионална економска област;
- Имплементација на Протоколот 2 од Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција;

- Спроведување на преговорите за либерализација на трговијата со земјоделско-прехранбени производи со Украина ;
- Измени на Договорот за слободна трговија со Украина согласно спроведените преговори за либерализација на трговијата со земјоделско-прехранбени производи со Украина;
- Спроведување на преговорите за либерализација на трговијата со земјоделско-прехранбени производи по Договорот за слободна трговија со Турција;
- Продолжување со имплементацијата на Договорите за слободна трговија со ЕУ, ЕФТА државите, Украина и Турција;
- Склучување на договори за трговска и економска соработка и имплементација на постојните договори за економска и трговска соработка;
- Имплементација на извозната контрола на стоки и технологии со двојна употреба ;
- Имплементација на Законот за трговија, Законот за тутун и тутунски производи и Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба (издавање на лиценци за продажба на алкохолни пијалоци, дозволи за извоз на стоки и технологии со двојна употреба, решенија за упис во регистрите);
- Имплементација на Закон за услуги;
- Донесување и имплементација на Акциски план за усогласување на националното законодавство со Законот за услуги;

# П Р О Г Р А М И

Министерството за економија во периодот 2020-2022 ќе ги реализира следниве вертикални и хоризонтални програми со мерки и активности кои се во функција на остварување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија и приоритетите и целите на Министерството за економија.
Во Стратешкииот план за работа на Министерството за економија креирани се следниве стратешки програми:

I. П О Д О Б Р У В А Њ Е Н А Д Е Л О В Н А Т А К Л И М А И З Г О Л Е М У В А Њ Е Н А К О Н К У Р Е Н Т Н О С Т А

II. О Д Р Ж Л И В О И С К О Р И С Т У В А Њ Е Н А П Р И Р О Д Н И Т Е Р Е С У Р С И (богатства)

III. К Р Е И Р А Њ Е Н А Е Д И Н С Т В Е Н В Н А Т Р Е Ш Е Н П А З А Р

IV. К Р Е И Р А Њ Е Н А Е Ф Е К Т И В Н А Т Р Г О В С К А П О Л И Т И К А

# П Л А Н О В И З А С П Р О В Е Д У В А Њ Е Н А П Р О Г Р А М И Т Е

| А: ОПРАВДАНОСТ И ДИЗАЈН НА ПРОГРАМА 1 |
|---|
| **Образложение:**ПРОГРАМАТА ПРОГРАМА 1 ПОДОБРУВАЊЕ НА ДЕЛОВНАТА КЛИМА И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА **произлегува од:**<br>1. **Стратешкиот приоритет на Владата на РСМ** содржан во Одлуката за стратешки приоритети за 2021 година: Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните, Успешно водење на пристапни преговори со ЕУ, односно приоретната цел: поддршка и развој на одржливи и конкурентни микро, мали и средни компании, унапредување на занаетчиството, целосно искористување на претприемничкиот дух и знаење на домашните човечки ресурси; Развој и подобрување на конкурентноста на македонската индустрија, унапредување на концептот и практиките за општествена одговорност,развој на туризмот и угостителството. |
| 2. НПАА :<br>Поглавје 20-Претпријатија и индустриска политика<br>Поглавје 20; Сектор: Туризам и угостителство; Тема: Туризмот како дел од индустриската политика |
| 3. **Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа**:<br>**Поволно деловно окружување:**<br>Поддршка на домашните претпријатија, пред сè на микро малите и средните претпријатија, отворање на нови работни места со активни мерки за вработување и зголемување на нивото на платите во економијата<br>Зголемување и подобрување на можноста за раст на мали и средни претпријатија(МСП)<br>Динамичен екосистем на претприемништво и иновации<br>Конкурентни МСП како двигатели на инклузивниот економски раст<br>Зајакнат меѓуинститиционален дијалог во функција на креирањето на политиките, мерките и активностите за индустриската политика<br>Унапредување на капацитетот и конкурентноста на кластерите и нивните членки, нивно меѓународно поврзување, унапредување на знаењата базирани на високи технологии, истражување и развој, извозно ориентирани стратегии и модел базиран на индустријализација<br>Унапредување на концептот и практиките за општествена одговорност<br>**Развој на туризмот и угосттителтвото во Република Северна Македонија**<br>Подобрување на конкурентноста на туристичката понуда во земјата преку креирање на поволна бизнис клима и зголемена |

| |
|---|
| валоризација на културните и природните богатства<br>Зголемување на бројот на домашни и странски туристи, раст на приходите од туризмот, со крајна цел зголемено учество на туризмот во вкупниот БДП на земјата<br>Зголемување на туристичката понуда и градење на препознатлив туристички имиџ со воведување на светски стандарди во туристичко-угостителските услуги<br>Унапредување на меѓународната туристичка соработка<br>Поддршка на туристичките дестинации надвор од туристичка сезона<br>Конкурентна бизнис клима за раст на бројот на мали и средни претпријатија и нови работни места од областа на туризмот и угостителството<br>Натамошен развој на активниот туризам како потенцијал за силен локален економски развој. |
| **Цел на Програмата:** Обезбедување на економски развој и раст на македонското стопанство, зголемување на вработеноста преку создавање поттикнувачка клима за отворање на нови и јакнење на постојните микро, мали и средни претпријатија, како и имплементација на интегрирана индустриска политика која води кон раст, развој и иновации , развој на концептот на општествена одговорност, унапредување на општествено одговорни практики , конкурентна бизнис клима за раст на бројот на мали и средни претпријатија и нови работни места од областа на туризмот и угостителството |
| **Показатели за успех на Програмата:** Бројот на поддржани на мали и средни претпријатија, бројот на изададени сертификати за квалитет, бројот на поддржани субјекти од преработувачката индустрија, бројот на поддржани кластерски здруженија,зголемен број на домашни туристи. Бројот на поддржани претпријатија управувани од жени, на занаетчии, издадени сертификати за квалитет (Халал, ИСО) на фирми управувани од жени, бројот на поддржани апликаци поднесеи од жени во секторот туризам и угостителство и др.<br>Усвоена Среднорочна Стратегија за ОО на РМ 2019-2023 со Акциски план, од ВРМ<br>Зголемен број на компании кои конкурираат за годишната Национална награда за општествено одговорни практики ;<br>Зголемен број на компании кои донеле стратешки документ за општествено одговорно работење во компанијата<br>Зголемен број на компании кои практикуваат општествено одговорно работење<br>Зголемен број на компании кои поднесуваат извешај за своето нефинансиско работење<br>Подобрен рејтинг и атрактивност на компаниите за влез на општествено одговорни инвестиции<br>Подобрени односи на претпријатијата со потрошувачите, добавувачите и купувачите<br>Поголема вклученост на претпријатијата во грижата кон општеството и животната средина<br>Надоместување на дел од трошоците на деловни субјекти за развивање, одржување и применување социјално прифатливи практики. |

| Програмата е: x <u>Хоризонтална</u> Вертикална | |
|---|---|
| **Потпрограми (компоненти) од Програмата: 4 Потпрограми** | |
| **Потпрограма 1:**<br>ПОДДРШКА И РАЗВОЈ НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА | **Показател за успешност:**<br>Број на издадени сертификати за квалитет (халал, исо,)<br>Број на поддржани МСП управувани од жени<br>Број на поддржани занаетчии<br>Број на поддржани МСП |
| **Потпрограма 2:**<br>РАЗВОЈ И ПОДОБРУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА МАКЕДОНСКАТА ИНДУСТРИЈА И ИНВЕСТИЦИСКА ПОЛИТИКА | **Показател за успешност:**<br>Зголемено индустриско производство<br>Зголемен број на подржани претпријатија<br>Зголемен број учесници/компании кои посетиле специјализирани обуки<br>Зголемен број на поддржани кластери<br>Зголемен број на компании кои конкурираат за годишната Национална награда за најдобри општествено одговорни практики.<br>Зголемен број на поддржани претпријатија за развивање, одржување и применување социјално прифатливи практики<br>Број на реализирани мерки и активности од Акцискиот план на Среднорочна Стратегија за општествена одговорност на РСМ |
| **Потпрограма 3:**<br>ПОДДРШКА И РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ И УГОСТТИТЕЛТВОТО | **Показател за успешност:**<br>Зголемен број на домашни туристи,<br>Зголемувавање на стапката на вработеност во оваа стопанска гранка<br>Бројот на поддржани апликаци поднесеи од жени<br>Поддршка на туристичките дестинации(угостителите)надвор од туристичка сезона<br>Зголемување на учеството во БДП |

| **Б: План за спроведување на програмата** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Потпрограма 1: ПОДДРШКА И РАЗВОЈ НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА | | | | | | |
| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | |
| | | | **Почеток (месец/год** | **Крај (месец/год** | **Човечки** | **Финансиски (МКД)** |

| | | | | | I год. | II г | III | I год. | II г | III |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1. Финансиска поддршка за микро и мали претпријатија** | МЕ/Сектор за МСП | ЗКРМ<br>-Регионални комори | Јануари /2021 | Декември /2021 | Постојни вработени + 2 нововработени | | | **30.700.000,00** | | |
| **2. Финансиска поддршка за женско претприемништво** | МЕ/Сектор за МСП | Комори<br>- Фондации, Здруженија на граѓани | Јануари /2021 | Декември /2021 | Постојни вработени +2 нововработени | | | **4.000.000,00** | | |
| **3. Финансиска поддршка за подобрување на вредносните синџири** | МЕ/Сектор за МСП | Комори<br>- Фондации, Здруженија на граѓани | Април /2021 | Декември /2021 | Постојни вработени | | | **2.000.000,00** | | |
| **4. Субвенционирање на трошоци на занаетчии** | МЕ/ Сектор за МСП | - Фондации,<br>- Здруженија на граѓани<br>- Стопански Комори Организациина работодавачи БизнисЦентри | Јануари /2021 | Декември /2021 | Постојни вработени | | | **6.000.000,00** | | |
| **5. Надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за сертификација на системи за квалитет според ISO стандарди** | МЕ/ Сектор за МСП | Занаетчиски Комори<br>- Еснафи | Јануари /2021 | Декември /2021 | Постојни вработени | | | **2.000.000,00** | | |
| **6. Финансиска поддршка за сертифицирање на ХАЛАЛ систем** | МЕ/Сектор за МСП | Министерства АППРМ<br>- ФондацииЗдруженија на граѓани Комори | Април /2021 | Декември /2021 | Постојни вработени + 1 ново вработен | | | **2.000.000,00** | | |
| **7. Кофинансирање на дел од трошоците на претпријатија за** | МЕ/Сектор за МСП | | Јануари /2021 | Декември /2021 | Постојни вработени + 1 | | | **3.000.000,00** | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **купување на опрема, инструменти, алат кои ќе послужат и ќе се користат исклучиво за обука, настава на лица за стекнување на вештини и квалификации** | | | | | ново вработен | |
| **8. Кофинансирање на трошоци на вработени во ММСП и на занаетчии за учество на обуки** | МЕ/Сектор за МСП | Министерства АППРМ - ФондацииЗдружениjа на граѓани Комори | Јануари /2021 | Декември /2021 | Постојни вработени + 1 ново вработен | **300.000,00** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно активности во I година: | 9 | | | | **50.000.000,00** |
| Вкупно активности во II година: | 11 | | | | **55.000.000,00** |
| Вкупно активности во III година: | 12 | | | | 60.000.000,00 |
| Вкупно за потпрограма 2: | 32 | | | | 165.000.000,00 |

Потпрограма 2: РАЗВОЈ И ПОДОБРУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА МАКЕДОНСКАТА ИНДУСТРИЈА И ИНВЕСТИЦИСКА ПОЛИТИКА

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец/год | Крај (месец/год) | Човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | | | I год. | II год. | III | I год. | II | III |
| **1.Имплементација на Индустриската стратегија на РСМ 2018-2027** | МЕ /Одделение за индустриска политика | Стопански комори, факултети, НВО | 10/2018 | 12/2027 | | | | | | |
| **2.Имплементација на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво, дел Б, Имплементација на** | МЕ/Одделение за индустриска политика | Стопански комори, | 1/2021 | 12/2021 | 1 | | | **13.000.000** | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **индустриска политика** | | | | | | |
| **3.Имплементација на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво дел В, Поддршка на кластерското здружување** | МЕ/Одделение за индустриска политика | Стопански комори, кластери | 1/2021 | 12/2021 | 1 | **4.800.000** |
| **4.Изработка на стратешки документ за извозна промоција и анализа на индустриските сектори** | Сектор за индустриска и инвестициска политика | | 1/2021 | 12/2021 | | **1.700.000** |
| **5. Поддршка во процесот на развивање на стратегија за паметна специјализација** | Сектор за индустриска и инвестициска политика | | 1/2021 | 12/2021 | | **1.800.000** |
| **6. Спроведување на годишна манифестација Национална награда за најдобри општествено одговорни практики на македонските претпријатија** | МЕ/Одделение за општествена одговорност и градење партнерства | Национално координативно тело за ООП | 01/2021 | 12/21 | Сопствени капацитети | **300.000,00** |
| **7. Реализација на мерки и препораки од Акциски план на Среднорочната стратегија за ОО на РМ 2019-2023 година** | МЕ/Одделение за општествена одговорност и градење партнерства | Национално координативно тело за ООП / институции/ | 01/2021 | 12/2021 | Сопствени капацитети | **350.000,00** |
| **8. Поддршка за развивање, одржување и применување социјално прифатливи практики на деловните субјекти** | МЕ/Одделение за општествена одговорност и градење партнерства | | 04/2021 | 12/2021 | Сопствени капацитети | **1.000.000,00** |
| **9. Развивање на капацитети за општествена одговорност** | МЕ/Одделение за општествена | | 01/2021 | 12/2021 | Сопствени капацитети | **100.000,00** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | одговорност и градење партнерст | | | | | |
| **Вкупно активности во I година:** | 9 | | | | | 23.150.000,00 + 1.650.000,00 |
| **Вкупно активности во II година:** | 9 | | | | | 31.500.000,00 + 2.450.000,00 |
| **Вкупно активности во III година:** | 9 | | | | | 31.500.000,00 + 3.050.000,00 |
| **Вкупно за потпрограма 2:** | 27 | | | | | 93.300.000,00 ден |

**Потпрограма 3: ПОДДРШКА И РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ И УГОСТТИТЕЛТВОТО**

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
